**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6489 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Анализата на дневно-информативните емисии на ТВ Арт во овој десетти по ред извештаен период, се однесува на деветдневниот период, од 1 до 9 декември. Анализирани се вкупно 18 изданија на вести емитувани во ударниот период. Опфатени се Вестите емитувани во 18:45 часот и изданијата од 22:00 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во деветдневниот период е 4 часа 16 минути и 27 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:01:27 | 11,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:14 | 26,29 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:50 | 47,43 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:47 | 14,50 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:12:18** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:26 | 8,02 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:31:18 | 29,78 | % |
| ДИК и други органи | 00:21:35 | 20,53 | % |
| Други субјекти | 00:12:46 | 12,15 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:48 | 4,57 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:30 | 2,38 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:03:43 | 3,54 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:43 | 3,54 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:30 | 2,38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:25 | 2,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:56 | 2,79 | % |
| Без субјекти | 00:02:36 | 2,47 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:12 | 1,14 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:12 | 1,14 | % |
| Беса | 00:03:27 | 3,28 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:45:07** | 100 | % |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:22:01 | 15,84 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:21:21 | 15,36 | % |
| Беса | 00:16:59 | 12,22 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:21:29 | 15,45 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:22:06 | 15,90 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:31 | 16,20 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:57 | 2,12 | % |
| Левица | 00:02:57 | 2,12 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:06:41 | 4,81 | % |
| Вкупно за тема: | 02:19:02 | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влезе принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во деветдневниот период, во анализираните изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 19 минути и 2 секунди (Табела 1). Следени се активностите на четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници, а времето е распределено на следниов начин: за Коалицијата предводена од СДСМ – 22 минути и 31 секунда, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 22 минути и 6 секунди, за Демократската унија за интеграции – 22 минути и 1 секунда и за Коалицијата ВМРО за Македонија – 2 минути и 57 секунди. Од трите политички субјекти коишто имаат по пет листи со потврдени кандидати за пратеници (ДПА, Левица и ЛП), следени се активностите на Демократската партија на Албанците – 21 минута и 21 секунда и на Левица – 2 минути и 57 секунди. Не се емитувани информации за Либерална партија. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време изгледа вака: за Коалицијата „Алијанса за Албанците“ (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 21 минута и 29 секунди, за Движењето Беса – 16 минути и 59 секунди. Следени се и активностите на Партијата за демократски просперитет (ПДП), која има една листа со кандидати за пратеници - 6 минути и 41 секунда. Воопшто не се емитувани информации за Коалицијата за промени и правда – Трет блок, која има шест потврдени листи со кандидати за пратеници.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 12 минути и 18 секунди (Табела 1). Во рамки на вестите се емитувани прилози за: помошта што Центарот за управување со кризи ја добил од ИОМ – изјава на директорот, средбата на премиерот Димитриев со европратеничката Конеге, пораките на претседателот Иванов за одржување мирни избори.

Во седумдневниот анализиран период на вестите, вкупното времетраење на прилозите што влегуваат во категоријата други теми поврзани со избори е 1 час 45 минути и 7 секунди (Табела 1). Ги опфаќа прилозите во кои се изнесени ставовите на експертите/аналитичарите и на претставниците на граѓанскиот сектор, за прашања поврзани со изборниот процес. Информирано е и за активностите на странски субјекти, кога нивното појавување било поврзано со изборниот процес кај нас, за работата на Државната изборна комисија итн. Демократската унија за интеграции и Коалицијата предводена од СДСМ се појавуваат во оваа тема поради збирниот прилог поврзан со партиските реторики искажани на митинзите и поради известувањето за емитуваните интервјуа со лидерите на ДУИ и на СДСМ на телевизија од Албанија (емитувани извадоци од разговорите). Движењето Беса е дел од категоријата други теми поврзани со избори поради емитуваните прилози за: поддршката што партијата ја дала на невладината организација „Еко герила“ за нејзините активности, демолираниот партиски штаб во село Слатино, интервјуто на претседателот на партијата дадено за Гласот на Америка (извадок од разговорот). Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата ВМРО за Македонија се дел од оваа категорија поради прилогот во кој се говори за партиските реторики искажани од говорница на митинзите. Демократската партија на Албанците е опфатена во

прилозите посветени на интервјуто на лидерот на партијата дадено за телевизија од Албанија (емитуван краток извадок од разговорот) и поради поддршката што партијата ја дала на невладината организација „Еко герила" за нејзините еколошки активности. Своја поддршка на невладината организација дале и Коалицијата „Алијанса за Албанците" и Партијата за демократски просперитет и оттука произлегува нивното појавување во категоријата други теми поврзани со изборите.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). (Табела 2).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Арт | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:02:02 | 1,33 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:20:41 | 13,53 | % |
| Други субјекти | 00:03:48 | 2,49 | % |
| Беса | 00:16:03 | 10,50 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:17:46 | 11,62 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:20:23 | 13,33 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:19:29 | 12,75 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:18:04 | 11,82 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:18:18 | 11,97 | % |
| Левица | 00:02:42 | 1,77 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:05:02 | 3,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:38 | 2,38 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:30 | 1,64 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:54 | 1,24 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:32 | 0,35 | % |
| | Вкупно: 02:32:52 | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Во десеттиот по ред извештаен период, се емитувани 4 дебатни емисии, две во рамки на емисијата „Зиг–заг" и по една во „Уметност на финансиите" и „Во фокус". Четирите дебатни изданија вкупно се пет пати репризирани.

Во првото издание на емисијата „Зиг–заг", емитувана на 1 декември, гостуваа политичките аналитичари Фати Исени, Зекирја Реџепи и Сауби Демири, а дискутираа за политичките платформи на партиите и коалициите, учесници на изборите. Емисијата беше еднаш репризирана, на 2 декември.

Дебатата од 5 декември, во рамки на емисијата „Во фокус", беше, исто така, со аналитичари на политичките состојби, а дел од неа беа: Емин Аземи, Селами Ибраими и Ибраим Мехмети. Емисијата имаше две репризи, на 6 и на 9 декември.

Во „Уметност на финансиите" се дебатираше за финансирањето на партиите и коалициите за време на изборите и за нивните финансиски трошоци. Емисијата беше емитувана на 7 декември, а во неа гостуваа економските аналитичари Ариф Муса и Башким Селмани. Двете репризи беа емитувани на 8 декември.

Последната дебатна емисија беше емитувана на 9 декември. И ова издание беше реализирано со експерти/аналитичари, а повторно се дискутираше за изборите и политичките понуди на партиите од албанскиот политички блок. Во „Зиг-заг" гостуваа: Милаим Фетаи, Сефер Тахири, Исак Шерифи и Сауби Демири.

*Интервјуа*

Во периодот од 1 до 9 декември, беа емитувани две интервјуа, со Павле Трајанов од Коалицијата за промени и правда и со претседателот на Демократската унија за интеграции, Али Ахмети. Интервјуто со Трајанов беше реализирано на 2 декември, а Ахмети беше гостин во студиото на ТВ Арт на 8 декември. Двете интервјуа беа емитувани во рамки на емисијата „Зиг-заг".

***Сектор за програмски работи***